**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-409/7**
**Скопје, 09.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ДЕЛОГОЖДА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Делогожда за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Делогожда за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Менди Асани, градоначалник на општина Делогожда за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 10.02. до 14.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 24.05.2006 година со писмо број 1404-409/5 примени се забелешки по Предходниот извештај на овластениот државен ревизор од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на точките 10.1..;10.2. и 10. 3. кои се однесуваат на неправилности во делот на неправилна примена на актите, неоравилности кај приходите и расходите на буџетот и ненаменското и незаконското користење на средствата од Буџетот не се прифаќаат од причина што е постапено спротивно на позитивните законски прописи.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1. Статутот на општина Делогожда бр. 07-27/1 од 14.04.1997 год. не е усогласен со одредбите на Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр.5/02) во законски утврдените рокови согласно член 91, поради неажурност на надлежните служби. Непочитувањето на законските одредби и неусогласувањето на Статутот во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија кој се применува после локалните избори во март 2005 година ( Сл.весник на РМ бр.55/04) општината Делогожда е утврдена како населено место во состав на единицата на локалната самоуправа Струга.

11.1.2. Ревизијата се оградува од реалноста на наплатените даночни приходи по основ на Такси за користење или дозволи за вршење на дејност во износ од 175 илјади денари, поради тоа што на ревизијата не и беше доставена на увид Одлука за утврдување на висината на надоместокот за издавање на дозволите за вршење такси превоз. Непочитувањето на законските одредби и не добро спроведените постапки на примопредавање на документацијата при припојување на општината Делогожда кон

општина Струга, доведува да се нема реална слика за состојбата и работењето на досегашната општина Делогожда.

**Препорака:**

Надлежното одделени во општина Струга согласно Законот за канцалариско работење да изврши соодветно архивирање на преземената документација од досегашните општини кои со Законот за територијална организација на ЕЛС во Република Македонија се припојуваат кон општина Струга и истата по барање на надлежните служби да биде достапна во секое време.

**11.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите**

11.2.1. Ставката Трансфери од други нивоа на власт е потценета за износ од 641 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи, поради невратените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот со состојба на 31 декември, спротивно на член 36 од Законот за буџетите. Непренесувањето на непотрошените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот е усталена пракса кај единиците на локална самоуправа поради неследење на измените на законските прописи и придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со воведувањето на трезорското работење кај единиците на локалната самоуправа овој проблем ќе се надмине.

**11.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.3.1. Направени се расходи без предходно да се обезбедат средства со буџетот на општина Делогожда за 2004 година спротивно на Законот за буџетите, во износ од 2,578 илјади денари, односно направени се трошоци во износи повисоки од планираните со буџетот и тоа кај следните ставки:

- Затоплување во износ од 238 илјада денари;
- Комуникација и транспорт во износ од 51 илјади денари;
- Материјали во износ од 727 илјада денари;
- Договорни услуги во износ од 311 илјада денари;
- Други оперативни расходи во износ од 406 илјада денари;
- Тековни трансфери во износ од 23 илјада денари и
- Физибилити студии, подготовка на проекти и дизајн во износ од 822 илјади денари.

Непочитувањето на Законот за буџетите придонесува за ненаменско трошење на средствата на единицата на локалната самоуправа.

**Препорака:**

Извршувањето на расходите одобрени со Буџетот да е согласно истиот во рамките на одобрениот план и за соодветната намена. Доколку се јави потреба за прераспределба на планираните расходи на ниво на ставки и програми Советот навреме да донесува Одлуки за прераспределба.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.2. е потценување на приходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за износ од 641 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Делогожда под 31 декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.2. и 11.3., кај сметката на Буџетот на единицата на локална самоуправа Делогожда не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 24.05. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ на ЕЛС Делогожда**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | **3.3.** | 3,304 | 2,987 |
| Неданочни приходи | **3.4.** | 84 | 65 |
| Трансфери и донации | **3.5.** | 3,042 | 1,214 |
| **Вкупно приходи** | | **6,430** | **4,266** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.1.** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,214 | 1,119 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 3,979 | 2,405 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 38 | 10 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **5,231** | **3,534** |
| **Капитални расходи** | **3.2.** | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 1,028 | 190 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,028** | **190** |
| **Вкупно расходи** | | **6,259** | **3,724** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **171** | **542** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**БУЏЕТ на ЕЛС Делогожда**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 171 | 542 |
| **Вкупно тековни средства** | | **171** | **542** |
| **Вкупна актива** | | **171** | **542** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 171 | 542 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **171** | **542** |
| **Вкупна пасива** | | **171** | **542** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*